# ‚Јазикот нека ти биде постојано навлажен од спомнувањето на Аллах.‘“

Од Абдулах бин Буср, радијаллаху анху, се пренесува дека еден човек рекол: „О, Аллахов Пратенику, прописите на исламот ми се намножија, па кажи ми нешто до кое морам да се придржувам.‘ Тој рече: ‚Јазикот нека ти биде постојано навлажен од спомнувањето на Аллах.‘“
[صحيح] [رواه الترمذي وابن ماجه وأحمد]

Еден човек му се пожалил на Пратеникот, алејхи селам, дека доброволните ибадети се намножиле премногу за него до таа мерка што тој не можел да ги изврши поради неговата слабост, а потоа го замолил Пратеникот, алејхи селам, да го упати кон некое лесно дело кое ќе донесе голема награда, до кое тој ќе се држи и ќе го практикува. Тој, алејхи селам, го упатил да го одржува јазикот мек и подвижен и постојано да се сеќава на Семоќниот и Возвишениот Аллах, во секое време и ситуации. Со изговарањето на субханаллах, елхамдулиллах, естагфируллах, со дови и слично.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4716